03-07/93
12 06 2016 год.



**ТРИО–КОНСАЛТИНГ** ДОО – ГЕВГЕЛИЈА
п. фах 197, 1480 Гевгелија
тел. (034) 214-116 факс 217-116
E-mail: triocons@t.mk
www.triocons.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Овој извештај е изготвен и објавен со цел да се задоволат барањата на членот 35 став 1 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 158/2010,135/2011 и 138/2014).

**Содржина на извештајот:**

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото;
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припага Друштвото;
3. Опис на управувачката структура на Друштвото;
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и изјава за ефективност на неговото функционирање;
5. Датум на последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот;
6. Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
7. Иајава за независното работење на Друштвото;
8. Изјава за политиката која што ја следи Друштвото за контуираната едукација на овластените ревизори;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци;
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор;

## 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото

Друштвото за ревизија и консалтинг **ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО** – Гевгелија Република Македонија

Основано е во на 25.02. 1999 година. Друштвото е во приватна соспственост, организирано како Друштво со ограничена одговорност.

Со Решение број 07-5290/1 од 03.05.2000 година издадено од Министерот за финансии Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија е регистрирано за вршење ревизија, а дозвола за работа за вршење на ревизија без ограничување на нејзината важност издадена е со Решение број 07-26783/1 од 05.12.2003 година, односно со Решение број 11-23293/1 од 11.08.2006 година.

Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ Д.О.О. Гевгелија во Институтот на овластени ревизори на Република Македонија е заведен во регистарот за друштва за ревизија под реден број 14 и ДР016.

Со лиценца бр. 07/459/1 од 25.11.2013 година со регистарски број 21 издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Персоналот на Друштвото со состојба на 31.12.2015 година и со состојба на датумот на доставувањето односно објавувањето на извештајот е непроменет и се состои од двајца овластени ревизори, тројца асистенти дипломирани економисти од кои:

Четворица вработени се на неопределено полно работно време а

Еден е на определено полно работно време.

Основната главнина друштвото е во висина од 160.000,00 денари запишана во тековната сосотјба на друштвото како основачи – сопственици во Друштвото се двајца овластени ревизори и физичко лице и тоа:

1. Петров Здравко овластен ревизор влог од 100.800,00 денари 63%
2. Стефановска Светлана овластен ревизор влог од 19.200,00 денари 12%
3. Петрова Ивана влог од 40.000,00 денари 25%

Како главна приоритетна дејност според тековната сосотојба е 69.20 Сметководствени,книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото има регистрирано две подружници кои за периодот на известувањето не се во функција а и со датумот на објавувањето на извештајот сеуште не се активирани.

Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО – КОНСАЛТИНГ Д.О.О. Гевгелија соласно членот 24 став 1 точка 4 алинеа 3 од Законот за ревизија има годишно осигурување од одговорност и тоа:

***ТРИО КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија***

Минимален износ на покривање на штетен настан во износ од 120.000,00 ЕВРА или во денарска противредност од 7.380.000,00 денари со број на полиса 990000054294 од 22.01.2016 година со период на осигурување од една година и тоа од 22.01.2016 година до 22.01.2017 година.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припага друштвото

Друштвото не е дел од поширока локална, регионална или глобална професионална мрежа.

Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија и овластените ревизори вработени или поврзани со него членуваат во Институтот на овластени ревизори.

## 3. Опис на управувачката структура на друштвото

Со Друштвото кое е запишано во трговскиот регистар како друштво со ограничена одговорност во својство на управител без ограничување управува еден од основачите на Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија Петров Здравко овластен ревизор управител во друштвото.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото и изјава за ефективност на неговото функционирање

Системот на контрола на квалитетот е воспоставен во согласност со Мегународните ревизорски стандарди и Кодексот на етика на професионалните сметководители според кој Друштвото треба да воспостави систем на контролата на квалитетот дизајниран на начин кој ќе обезбеди разумно уверување дека Друштвото и неговиот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди и правните барања и дека извештаите издадени од Друштвото се соодветни на околностите. Внатрешниот систем на контрола на квалитетот на ревизорската работа заснован е на Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1.

Системот за контрола на квалитетот опфаќа политики и процедури за секој од следните елементи:

- Одговорност на управителите за квалитетот во рамките на друштвото;
- Етички барања;
- Прифаќање и продолжување на ангажманите и специфични ангажмани;
- Човечки (кадровски) ресурси;

- Извршување на ангажманот;
- Мониторинг;

Изјавата за ефективноста на функционирањето на внатрешниот сcстем на контролата на квалитет е Прилог на извештајот.

### *4.1. Одговорност на управителот за квалитетот во рамките на друштвото*

Во рамките на оваа точка усвоени се следните политики:

- При извршувањето на ангажманите приоритет треба да му се дава на квалитетот на извршувањето, при што комерцијалните прашања не треба да влијаат на квалитетот на извршувањето на ангажманот;

- Квалитетот на извршувањето треба да претставува основен критериум кој е релевантен при донесувањето на одлуки за оценка на извршената работа од страна на персоналот, неговото наградување и унапредување;

- Друштвото посветува доволно внимание на развој, документирање и поддршка на политиките и процедурите кои се однесуваат на контрола на квалитетот.

### *4.2 Етички барања*

Во рамките на оваа точка усвоена е следната политика:

Друштвото во целост треба да ги исполнува сите етички барања кои се предвидени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања. Потпишување на изјави за доверливост при вработувањето како и годишни изјави на доверливоста како и изјава за поединечен ангажман.

Податоците се заштитени со снимање во електронска форма шифрирање на клиентот и чување на документите во посебна просторија.

### *4.3 Прифаќање и продолжување на ангажманите и специфичните ангажмани*

Во рамките на оваа точка усвоена е следната политика:

Друштвото треба да ги преземе или продолжи ангажманите со клиенти кога:

1) Адекватно се разгледани прашањата кои се однесуваат на интегритетот на клиентот и кога не постојат информации кои што би укажувале дека интегритетот на клиентот е нарушен;

2) Друштвото е компетентно за извршување на ангажманот, и кога располага со способност, време и ресурси да го изврши истиот;

3) Друштвото може да ги исполни етичките барања;

### 4.4 Човечки( кадровски) ресурси

Во рамките на оваа точка усвоена е следната политика:

Друштвото треба да поседува разумно ниво на сигурност дека тоа располага со доволно персонал со способност, компетентност и поврзаност со етичките барања, кои се потребни за извршување на ангажманите во согласност со професионалните стандарди, законските и регулаторните барања и дека друштвото ќе издаде извештај кој е соодветен на околностите.
Политиката на вработувањето на друштвото е во зависност од зголемениот обем на работењето и потребниот персонал за обавување на задачите. Со вработените се склучува договори за работа. Политиката на оценувањето на вработените е во зависност од квалитетот на извршената работа а истото е и услов во унапредувањето на вработените во друштвото.
Одговорниот на ангажманот се определува од редот на овластените ревизори кој го одбира тимот за ревизија во зависнисот од потребните лица за ангажирање на ангажманот.

### 4.5 Извршување на ангажманот

Во рамките на оваа точка усвоена е следната политика:

Друштвото треба да поседува разумно ниво на сигурност дека ангажманите се извршуваат во согласност со професионалните стандарди, законските и регулаторните барања и дека друштвото ке издаде извештај кој е соответен на околностите.
Во рамките на друштвото се користат сопствени креирани компјутерски ревизорски техники во согласност со стандардите како и останати ревизорски алатки. Од страна на друштвото е донесен посебен правилник за постапка на ревизијата и припрема на потребните работни документи.
Врз основа на донесеното упатство за контрола на квалитет од страна на друштвото се следи и врши надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет како и е определен критериумот за селекција на ревизорските ангажмани кои би биле предмет на внатрешната контрола на квалитет. Во упатството и правилникот за контрола на квалитет кои се донесени од страна на друштвото е определен рокот за навремено комплетирање на ревизорската документација како и рокот за архивирање на истата.

### 4.6 Мониторинг

Во рамките на оваа точка усвоена е следната политика:

Друштвото треба да спроведува мониторинг со цел да:

1) Стекне разумна сигурност дека системот на контрола на квалитетот, односно политиките и процедурите кои него го сочинуваат, се релевантни, адекватни и оперативно ефикасни;

2) Стекне разумна сигурност дека системот на контрола на квалитетот, односно политиките и процедурите кои него го сочинуваат се применуваат при извршувањето на ангажманите;

3) Спроведува континуирано оценување на системот на контролата на квалитетот, вклучувајќи и периодична инспекција на случајно избрани завршени ангажмани.

5. Последна проверка за уверување во квалитетот на Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија е извршена во текот на месец март 2015 година за годината која завршила на ден 31.12.2014 година.

## 6. Субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на претходната година

**Законски ревизии**

1 КИТ-ГО ДООЕЛ Штип
2 МК СТОБИ А.Д. –Велес
3 БАРГАЛА А.Д. Штип
4 СОВРЕМЕН ДОМ А.Д. Прилеп
5 ТЕХНОАЛАТ КОМЕРЦ Гевгелија
6 ПРОГРЕС А.Д. Пехчево
7 ЛИОН ДОО Свети Николе
8 АЛБАТРОС –Штип
9 ВИЗБА ВАЛАНДОВО-Валандово
10 КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ Скопје
11 АГРОФРУКТУС Струмица
12 ДЕЛТА ПРОМ Велес
13 ЕУРО ИНГ ДООЕЛ Гевгелија
14 ЈУГОСВЕН Гевгелија
15 ГЕВГЕЛИЈА ТУРИСТ А.Д.Гевгелија
16 7МИ НОЕМВРИ А.Д. Гевгелија
17 КОРАБ ИНС Скопје
18 ЕВРОШПЕД ДООЕЛ Скопје
19 НЃ ИНЖЕНЕРИНГ Скопје
20 БАЛКАН ТИМ Дисан
21 ГАРИ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје
22 ЈКПД КОМУНАЛЕЦ Струмица
23 СЕТ УНИОН ДОО Штип

31 СБВ КОМПАНИ Скопје
32 РАПИД ГАС Скопје
33 ПЕКОМ ПЛУС Скопје
34 ЕВРО КОМ Скопје
35 ТОП ТУРС Скопје
36 С-ТРАНСПОРТ Скопје
37 НАС МБД Скопје
38 НАС ГАС Скопје
39 ПРИМ МАК Скопје
40 АЛТЕА ММ – Скопје
41 СТАКЛАРНИЦА СТАКЛО Скопје
42 НЕУРОМЕДИКА ДОО Скопје
43 ПЗУ МЕДИКА Скопје
44 ПЗУ НЕУРОМЕДИКА Скопје

24 ДИДО ГРОУП ДООЕЛ Велес
25 КОНТИНЕНТ ЛПГ Скопје
26 БИТ ТЕХНА ДОО Штип
27 ТЕХА ДОО Тетово
28 АВИЦЕНА Скопје
29 ЛАБАРОТОРИЈА АВИЦЕНА Скопје
30 КАЛИМАН КАРИБЕ Скопје

**Договорни ревизии**

1 ЗТЕ МАКЕДОНИЈА Скопје
2 АГРОБАР ДОО Виница
3 ТРД ИРИС ДОО Штип
4 БАЛЕКО ДООЕЛ Штип
5 БОДИГ КОМПАНИ Богданци
6 МАК-ТАИ Скопје
7 ЕКО ОТПАД Маврово
8 ИТА ПРЕМИУМ Скопје
9 АМЕЈА ЕВЕНТ Скопје
10 СЕЦЕ ЗХ Скопје
11 КАФЕ КУЛТ ПЛУС Скопје

**Ревизија на проекти потврдување на трошоци**

1 ХЕРИТАГЕ
2 ПРЕПЕРИНГ фор Интензитиве Торентиал Пхеномена

## 7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија

Во поглед на независното работење на Друштвото и ангажираниот персонал, пред прифаќањето нов ангажман на ревизија или продолжување на постоечки ангажман, посебно се обраќа внимание на тоа дали е задоволен условот дека нема постоење на ситуации кои би ја загрозиле независноста, а особено дека се задоволени следниве барања:

- нема финансиски користи, заеми или гаранции од или кон клиентот;
- нема блиски деловни односи со клиентот;
- нема роднински и лични односи со клиентот;
- нема недамнешно или не е во план идно вработување кај клиентот;
- не се вршат работи на секретар, службеник или директор за клиентот;
- нема давање на недоговорени услуги за клиентот;
- нема обавување менаџерски услуги за клиентот;
- нема книжења или вршење сметководствени рекласификации без претходна согласност на менаџментот;
- нема прифаќање, освен материјално безначајни, подароци или гостољубивост од клиентот;
- износот на надоместокот не е значајно понизок од реалната пазарна цена за ангажманот;

## 8. Изјава за политиката која што ја следи друштвото за ревизија за контуираната едукација на овластените ревизори

Во поглед на контиураната едукација друштвото следи политика според која овластените ревизори задолжително ги исполнуваат обврските и критериумите

кои се предвидени со законската и професионалната регулатива. Друштвото дополително ги охрабрува овластените ревизори континуирано да ги надоплнуваат своите знаења и способности од областа на информатичката технологија.

## 9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци

Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО-Гевгелија ги нуди следните услуги:

- Ревизија и проверка на финансиски извештаи и други ангажмани на уверување и поврзани услуги
- Даночни советодавни услуги
- Консултански услуги
- Сметководствени услуги
- Вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење,
- Проценка на вредноста на капиталот

Во годината која завршува на 31.12.2015 година Друштвото за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија оствари вкупен приход од **6.923.050,00** денари по следниве основи:

| | ***2015 год.*** | 2014 год. |
|---|---|---|
| - приходи од ревизија...................................................... | ***5.420.638,00***..... | 4.400.859,00 |
| - дополнителни услуги на уверување на квалитетот | - | - |
| - даночни советодавни услуги.................................. | ***307.389,00***.... | 695.160,00 |
| - | | |
| -други неревизорски услуги......................................... | **1.195.023,00** .. | 1.723.240,00 |

**В к у п н о 2015 година........6.923.050,*00***

Вкупно 2014 година...............6.819.259,00

**10**. Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор за ангажманот е потрошеното време изразено во часови, а исплатата на месечните надоместоци се врши аконтативно.

Г е в г е л и ј а, 12.06.2016 година

У п р а в и т е л:

Петров Здравко

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
**ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија**

**ИЗЈАВА НА УПРАВИТЕЛОТ**

**на Друштвото за ревизија и консалтинг**
**ТРИО КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија**
**за ефективноста за функционирањето**
**на ситемот за контрола на квалитет**

*Изјавувам дека политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото функционираат на ефективен начин.*

Управител:

Гевгелија 10.03.2016

Петров Здравко

## Изјава за независното работење на друштвото за ревизија

Во поглед на независното работење на Друштвото и ангажираниот персонал, пред прифаќањето нов ангажман на ревизија или продолжување на постоечки ангажман, посебно се обраќа внимание на тоа дали е задоволен условот дека нема постоење на ситуации кои би ја загрозиле независноста, а особено дека се задоволени следниве барања:

- нема финансиски користи, заеми или гаранции од или кон клиентот;
- нема блиски деловни односи со клиентот;
- нема роднински и лични односи со клиентот;
- нема недамнешно или не е во план идно вработување кај клиентот;
- не се вршат работи на секретар, службеник или директор за клиентот;
- нема давање на недоговорени услуги за клиентот;
- нема обавување менаџерски услуги за клиентот;
- нема книжења или вршење сметководствени рекласификации без претходна согласност на менаџментот;
- нема прифаќање, освен материјално безначајни, подароци или гостољубивост од клиентот;
- износот на надоместокот не е значајно понизок од реалната пазарна цена за ангажманот;

Во 2015 година вработените овластени ревизори и асистентите во ревизија како и останатиот персонал, потпишаа изјави за независност и доверливост, со што се потврдува спроведувањето на претходно наведените интерни процедури.

Гевгелија 10.03.2016

ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО

Упрвител

Петров Здравко

**ТРИО КОНСАЛТИНГ ДОО – Гевгелија**

**Изјава за политиката која што ја следи друштвото за ревизија за контуираната едукација на овластените ревизори**

Во поглед на контиураната едукација друштвото следи политика според која овластените ревизори задолжително ги исполнуваат обврските и критериумите кои се предвидени со законската и професионалната регулатива. Друштвото дополително ги охрабрува овластените ревизори континуирано да ги надоплнуваат своите знаења и способности од областа на информатичката технологија.

Како и останатите вработени асистенти ревизори кои посетуваат соответни обули кои се организираат за нивното ниво.

Гевгелија 10.03.2016

ТРИО КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија

Управител

Здравко Петров